**20242183773**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за матичен број,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 октомври 2024 година.

Бр. 08-5053/1
22 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ

Член 1

Во Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 67/22), во член 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„- изразите „лице со статус на бегалец“, „лице под супсидијарна заштита“ и „лице под привремена заштита“ утврдени со Законот за меѓународна и привремена заштита.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.